**Универзитетски гласник**

*Издавач*
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

*Уредник*
*на издавачката дејност на УКИМ*
проф. д-р Никола Јанкуловски,
ректор

*Уредник*
*на Универзитетски гласник*
м-р Марија Маневска,
генерален секретар

*Лектор*
Весна Илиевска Цветановска

*Техничко уредување*
Зоран Кордоски
м-р Елизабета Додевска


# О Д Л У К А
## за организација на издавачката дејност на Факултетот за драмски уметности во Скопје

Врз основа на член 3 од Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 397/2018), како и член 18, став 2, точка 12 и член 57 од Статутот на Факултетот за драмски уметности во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 455/ 2019 година), Наставно-научниот и уметнички совет, на 1. редовна седница за 2023 година, одржана на 18.1.2023 година, ја донесе следнава

## О Д Л У К А
## за организација на издавачката дејност на Факултетот за драмски уметности во Скопје

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Издавачката дејност на Факултетот за драмски уметности во Скопје се организира врз основа на Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (пречистен текст, Универзитетски гласник бр. 397/2018) и Одлуката за висината на авторските хонорари и други трошоци за издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (пречистен текст, Универзитетски гласник бр. 397/2018).

**Член 2**

Со оваа Одлука се утврдува висината на авторскиот хонорар и средствата за издавање на учебници, учебни помагала, монографии, студии, списанија, годишници, зборници, уметнички дела и преводи на стручна или уметничка литература за потребите на Факултетот за драмски уметности во Скопје, во печатена или електронска форма (во натамошниот текст: изданија наменети за наставно-образовна, уметничка и научна дејност), на наставниците и соработниците на Факултетот за драмски уметности во Скопје, како и на Факултетското студентско собрание.

**Член 3**

Висината на одобрените средства за издавачка дејност се одредува во зависност од тоа дали тие се обезбедени од средствата на Факултетот, Буџетот на Република Северна Македонија, средствата за интегративните функции на Универзитетот, од непосредна соработка со правни и физички лица, трговски друштва, издавачки куќи и други установи, продажба на печатени и електронски изданија, членарина за користење дигитална библиотека и електронско издаваштво, како и од други извори.

**Член 4**

Одговорна за постапката на издавање на изданијата наменети за наставно-образовна, уметничка и научна дејност е Комисијата за издавачка дејност.

**Член 5**

Комисијата за издавачка дејност, составена од 3 члена (претседател и 2 члена), се избира од страна на Деканатската управа на Факултетот.

Комисијата за издавачка дејност има задача да ги разгледува барањата за издавачка дејност поднесени од наставниците и соработниците на Факултетот, како и барањата за превод на стручна литература. Исто така, ги разгледува барањата од Факултетското студентско собрание, утврдува дали учебникот, учебното помагало, монографијата, студијата, списанијата и преводите на стручна литература за потребите на Факултетот за драмски уметности во Скопје ги исполнуваат условите и дали постапката е спроведена според одредбите на Правилникот за организирање на издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во понатамошниот текст: Правилник на УКИМ) и донесува предлози и план за издавање.

Работата на Комисијата за издавачка дејност, како и административната поддршка во процесот на издавање на изданијата од член 2, дополнително се уредуваат со упатство што се донесува од страна на Деканатската управа на Факултетот.

Комисијата за издавачка дејност работи без финансиски надомест.

**Член 6**

Постапката за издавање на **учебници и учебни помагала** се спроведува според членовите 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21 од Правилникот на УКИМ, оваа Одлука и упатството.

За учебниците и учебните помагала, рецензиите се доставуваат до Комисијата за издавачка дејност, која по проверката дали е постапено според членовите 18, 19 и 20 од Правилникот на УКИМ, дава предлог до Наставно-научниот и уметнички совет за продолжување на постапката.

Доколку во предвидениот рок, согласно со Правилникот на УКИМ, не се достават рецензиите до Комисијата за издавачка дејност, Комисијата ја известува катедрата на Факултетот дека треба да достави предлог за нови рецензенти.

По усвојувањето на рецензиите од страна на Наставно-научниот и уметнички совет, учебникот/учебното помагало потребно е да се издаде во рок од 1 (една) година. Доколку не се издаде учебникот/учебното помагало во рокот од 1 (една) година, авторот е должен постапката за издавање да ја започне одново.

**Член 7**

Доколку изданието наменето за наставно-образовна, уметничка и научна дејност е објавено во електронска форма, не може да се печати и во материјална форма на трошок на Факултетот.

## II. ОДОБРУВАЊЕ НА СРЕДСТВА И ФИНАНСИРАЊЕ НА УЧЕБНИЦИ, УЧЕБНИ ПОМАГАЛА, МОНОГРАФИИ И СТУДИИ И НИВНА РАСПРЕДЕЛБА

**Член 8**

Под трошоци за издавање на изданијата се сметаат следниве ставки:

- трошоци за авторски хонорари;
- печатарски трошоци;
- пласман и продажба;
- финансиско-евиденциони и режиски трошоци;
- трошоци за електронско издаваштво.

**Член 9**

Висината на авторските хонорари се определува според Одлуката за висината на авторските хонорари и други трошоци за издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

За **учебници, учебни помагала, монографии, студии, уметнички дела и преводи на стручна литература** кои се финансирани од сопствени средства на Факултетот и се препорачуваат како основна и проширена литература за студентите, во однос на распределбата на средствата за издавање (печатење, авторски хонорар, лектура, коректура, компјутерска обработка, превод итн.), Факултетот може да учествува со сопствени средства во печатарските трошоци, и тоа:

- за печатење **учебник** до 50.000,00 ден (+ДДВ)
- за **повторно издавање на учебник** до 30.000,00 денари (+ДДВ)
- за печатење **учебни помагала** до 40.000,00 ден (+ДДВ)
- за **повторно издание на учебно помагало** до 25.000,00 денари (+ДДВ)
- за печатење **монографија** до 80.000,00 ден (+ДДВ)
- за печатење на **студија** до 30.000,00 денари (+ДДВ)
- за **уметничко дело** од интерес за наставниот процес до 50.000,00 ден (+ДДВ).

За повторно издание на учебник и учебно помагало без промени и со промени до 25 % се одобруваат средства до третото издание.

За монографија и студија не се одобруваат средства за повторно издавање.

За јубилејна монографија на Факултетот не важат ограничувањата од овој член и трошоците што ќе ги определи Наставно-научниот и уметнички совет.

Наставниците и соработниците имаат право на користење средства според ставот 1 од овој член еднаш во една календарска година.

**Член 10**

Тиражот од **учебниците, учебните помагала, монографиите и студиите** се распределува на следниов начин:

– 20 задолжителни примероци за факултетската библиотека;
– 10 примероци за авторот/авторите;
– 10 примероци до НУБ „Св. Климент Охридски“;
– еден примерок на Комисијата за издавачка дејност.

**Член 11**

Факултетот за драмски уметности во Скопје може да направи договор со една или повеќе издавачки куќи за печатење и дистрибуција на своите изданија. Начинот и обврската меѓу Факултетот и издавачката куќа ќе се спроведуваат со посебни договори (облигации). Договорите ќе бидат презентирани пред Деканатската управа.

## III. ОДОБРУВАЊЕ НА СРЕДСТВА И ФИНАНСИРАЊЕ НА НАУЧНИ И УМЕТНИЧКИ СПИСАНИЈА, БИЛТЕНИ И ЗБОРНИЦИ И НИВНА РАСПРЕДЕЛБА

**Член 12**

Факултетот од сопствени средства може да финансира издавање на **научно и уметничко списание** за еден број годишно, и тоа за печатење до 200 примероци.

Факултетот од сопствени средства може да финансира печатење на **посебно издание на списанието**, еднаш годишно, со тираж до 200 примероци.

Факултетот од сопствени средства може да финансира издавање на **зборник или билтен** за еден број годишно, и тоа за печатење до 200 примероци.

Факултетот од сопствени средства може да финансира печатење на **посебно издание на зборник или билтен**, еднаш годишно, со тираж до 200 примероци.

**Член 13**

Средствата потребни за електронските верзии на списанијата ги обезбедува Факултетот, доколку тие се објавени и на веб-страницата на Факултетот за драмски уметности во Скопје.

**Член 14**

Авторските хонорари за авторските текстови во списанијата, зборниците, билтените и другите периодични или специјални изданија на Факултетот ќе се определуваат според авторски табак, согласно со Одлуката за висината на авторските хонорари и други трошоци за издавачката дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Хонорарите за уредување на списанијата, зборниците, билтените и другите периодични или специјални изданија на Факултетот ќе се уредат со упатство.

Доколку се прави превод на стручна литература, надоместокот за преведувачот/преведувачите ќе се исплати согласно со тарифникот на преведувачи.

**Член 15**

Дистрибуцијата на списанијата е на сметка на Факултетот.

Тиражот од списанијата се распределува на следниов начин:

- по 2 примерока на секој од авторите, а доколку се повеќе од еден автор, по еден примерок на секој од авторите и по еден на секој од уредниците;
- 5 за НУБ „Св. Климент Охридски“;
- 1 за Комисијата за издавачка дејност;
- 15 за библиотеката, од кои 5 од тие примероци ќе служат за промотивни цели на Факултетот и по еден примерок за секој вработен.

Тиражот се распределува врз основа на барање од уредникот упатено до деканот, кое ќе содржи име и презиме на авторите и членовите на уредувачкиот одбор, а врз основа на тоа барање деканот донесува одлука за распределба на тиражот како што е предвидено со став 2.

## IV. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЦЕНА НА ИЗДАНИЈАТА

**Член 16**

Цената на изданијата се формира според член 30 од Правилникот на УКИМ. За изданијата кои се издадени со помош на буџетски средства, цената ќе се формира во зависност од средствата со кои учествува Факултетот во реализацијата на изданието.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 17**

Оваа Одлука стапува во сила согласно со позитивните правни прописи од Законот за издавачка дејност, Законот за авторско право и сродните права и другите позитивни прописи кои ја уредуваат оваа материја.

**Член 18**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетски гласник.

**В.д. декан**
**Доц. м-р Сашо Кокаланов, с.р.**